Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-625/2

15-10-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-625 од 20.9.2024 година, поднесена од [redacted] од Гевгелија за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-625 од 20.9.2024 година, поднесена од [redacted] од Гевгелија **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 20.9.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација во областа на образование.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што во претставката не беа наведени потребните податоци за подносителката, односно во претставката не беше наведена адреса на живеење, адреса на електронска пошта или било какви податоци за контакт, согласно што до Комисијата не беа доставени неопходните податоци за насловниот орган да може да испрати барање за доуредување согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителката.

Следствено на претходно наведеното, поради процедурална неможност да се води постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
15.10.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски